Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ

# ЃОРЧЕ ПЕТРОВ И ПРОБЛЕМОТ НА НЕГОВОТО УБИСТВО

МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА во својата севкупна посветеност во проучувањето на македонското минато сериозно внимание обрна и на двигателите и протагонистите на македонското национално ослободително движење. Покрај разработката на нивната заоставина се пристапи и кон научно-истражувачка работа во домашните и странските архиви за да се добијат поверодостојни и поавтенточни податоци во целосното претставување на нивниот портрет. Меѓу овие истражувања спаѓа и проучувањето на животот и делото на Ѓорче Петров (1864-1865 — 1921), еден од предводниците на ова движење, истакнат револуционер, политичар и научник. Шеесетгодишнината од неговото убиство претставуваше убав повод да се внесат нови прилози во летописот на неговата голема биографија.

## 1.

ВЕДНАШ по ослободувањето во пригодни написи во дневниот печат се направија обиди да се расветлат светлите страници од животот и революционерното дело на Ѓорче Петров. Поконкретни податоци за неговото учество и улога во македонското национално-ослободително движење се дадоа во пригодната „Програма за историата на македонскиот народ во гимназиите“, што се објави во 1945 година[1].

Дури од 1949/1950 година се започна со систематско и поопстојно проучување на животот и делото на Ѓорче Петров и со расветлување на неговата улога и место во револуционерното и во ослободителното дело. Најпрвин, тоа го направи Димитар Влахов во своите книги за ликовите на македонските револуционери[2] и за историјата на македонскиот народ[3], што ги објави во Белград во 1949 и во 1950 година. Оваа скица за биографијата на Ѓорче тој ја прошири во опстојната книга за моментите од историјата на македонскиот народ, што ја објави во-

[1]. (Љубен Лапе, Димче Мире), Програма за историата на македонскиот народ во гимназиите. Битола 1945, 34, 42, 55.

[2]. Димитар Влахов, Ликови македонских революционара. Београд 1949, 27—32.

[3]. Димитар Влахов, Из историје македонског народа. Београд 1950, 146—150-

Скопје во 1950 година[4]. Во истава година и Димитар Митрев во својата стојносна студија за „Пиринска Македонија во борба за национално ослободување"[5] даде придонес во расветлувањето на Ѓорчевиот револуционерен профил и улога во ослободителното движење.

Овие почетни студиозни потфати овозможија да се пристапи поразнострано во проучувањето на Ѓорчевата биографија. За таа цел во текот на изминативе триесетина години, се направија сериозни потфати во објавување на помали монографски целини и во разработка на одделни карактеристични аспекти од учеството на Ѓорче во ослободителното движење.

Во монографското претставување на личноста и делото на Ѓорче солидни одгледи направија Гане Тодоровски и Љубен Лапе.

Во 1968 година Гане Тодоровски објави прв опстоен оглед, во кој, со стремеж за опфаќање на сите значајни страници од биографијата на Ѓорче, пристапи кон вообликување портретот на големиот прилепчанец[6]. Истово го надополни со нови целини и со синтеза на Ѓорчевото дело во 1974[7] и во 1981 година[8].

Од 1971 година натаму Љубен Лапе направи нов придонес во целосното расветлување на Ѓорчевата биографија. Во огледот од 1971 год. се означија светлите страници на Ѓорчевото место и улога во ослободителното движење[10]. Во 1974[10] и во 1981 година[11] тоа се надополни со нови познанија и со акцентирање на Ѓорчевиот придонес во патоказот на македонските прогресивни генерации. Овој автор систематски и континуирано научно го следи Ѓорчевиот севкупен револуционерен профил.[12]

---

4. Димитар Влахов, Македонија. Моменти од историјата на македонскиот народ. Скопје 1950, 174—178.

5. Димитар Митрев, Пиринска Македонија во борба за национално ослободување. Скопје 1950, 176—182.

6. Гане Тодоровски, Ѓорче Петров, Скопје 1968, 32. Истиот, Ѓорче Петров. — Историја IV/2 (1968), 3—22; Истиот, Идеолог на македонската самостојност(Ѓорче Петров). — Нова Македонија 30. V°. 1968, 12; Истиот, Ѓорче Петров (Прилози за животот и делото). Скопје 1981, 7—36.

7. Гане Тодоровски, Трактати за сонцељубивите. Скопје 1974, 191—220, 221—228 239—266, 267—28ь.

8. Гане Тодоровски, Ѓорче Петров. (Прилози за животот и делото), 139.

9. Љубен Лапе, Животот и делото на Ѓорче Петров. — Гласник XV/2 (1971) 41+52; Истиот, Ликот и делото на Ѓорче Петров. — Историја VII/2 (1971), 47—52 Истиот, The Life and Work of Đorče Petrof. — Macedonian Review I/2—3 (1971), 182—191; Истиот, Жизнь и деятельность Ѓерче Петров. — Илинденская эпопея. Скопье 1978, 87—104. !Димитар Димески, Библиографија на објавени трудови на Академикот, Професор Љубен Лапе. — Годишен зборник 4 (30) /1978/, 17—28/.

10. Љубен Лапе, Животот и делото на Ѓорче Петров. — Горче Петров и Пере Тошев. Прилеп 1974, 11—21.

11. (Љубен Лапе), И голем Македонец и голем револуционер. — Нова Македонија 28. VI. 1981, 1 (Информира: Д. Наумовска).

12. Види: Lj. L., Petrov Đorče. — Enciklopedija Jugoslavije. T. 6. Zagreb 1965, 482—483.

Значаен прилог кон целосната биографија на Ѓорче Петров внесуваат и материјалите од научните средби посветени на македонското национално-ослободително движење, посебно средбата од 1971 година, посветена на педесетгодишнината од Ѓорчевото убиство.[13]

2.

МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА обрна посебно внимание врз одделните аспекти од животот и делото на Ѓорче Петров, со акцентирање на неговиот удел и место во македонското национално ослободително движење во сите негови развојни процеси.

Во студиите посветени на предорганизационата дејност одделно внимание е обрнато врз Ѓорчевата антиегзархиска борба[14], негова дејност околу[15] издавањето на Весникот „Бунтовник" и неговите активизирање во подготвувањето на основите на ослободителното дело[16]

Најбројни прилози се посветени на Ѓорчевото учество во револуционерното движење. Пред сѐ, тоа се повеќе трудови и прилози што се однесуваат до севкуината Ѓорчева активност, во ова движење[17]. Од

[13]. Ѓорче Петровв и Пере Тошев. Материјали од Симпозиумите одржани Прилеп по повод педесет годишнината од убиството на Ѓорче Петров и шеесетгодишнината од убиството на Пере Тошев. Прилеп, Друштво за наука и уметност и Друштво на историчарите. Прилеп 1974, 202; Д. Д., Свечена академија по повод 50 годишнината од убиството на Ѓорче Петров. — Историја VII/2 (19721), 313—314. Свечен собир посветен на Ѓорче Петров. Скопје, МАНУ 1971 (Блаже Конески, Уводен збор, 5).

[14]. Види: Славко Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училишните, бунтови во Македонија. Скопје 1960, 40.

[15]. Види: Гане Тодоровски, Весникот „Бунтовник" на Ѓорчета Петров — како идеолошка подготовка на илинденскиот револуционерен чин. — Разгледи X/10 (1968) 1158—1176; Истото: Илинден 1903. Скопје 1970, 163—173; Исто, Трактати за сонце-, љубивите. Скопје 1970, 267—285; Исто, Ѓорче Петров. Скопје 1981, 81—97; Боро, Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарство. Скопје 1980, 87—90.

[16]. Гане Тодоровски, Претходниците на Мисирков. Скопје 1968, 7, 19,45, 52, 62 76, 90, 105, 127, 131, 134.

[17]. Види: Блаже Ристевски, Крсте П. Мисирков (1874—1926). Скопје 1966, 48, 71в 124, 162—163, 190, 193, 285, 383, 564, 714, 722, 747, 754, 755, 783, 784, 809, 816; Истиот Димитрија Чуповски 1878—1940). I—II. Скопје 1978. Том I, 215; Иван Катарџиев Серскиот округ од Кресененското востание до Младотурската револуција Скопје 1968, 167, 178, 196, 205, 290, 364, 387, 390—391, 428; Истиот, Создавањето и активноста на ВМРО до Илинден. Скопје 1968, 13—23; Истиот, Време на зреење. I—II. Скопје 1977. Том I, 125—126, 127—128, 131—132, 138—139, 140, 151, 160, 300; Том II, 57 Историја на македонскиот народ. Том 2. Скопје 1969, 158—285; Александар Т. Христов, Создавање на македонската држава. Скопје 1971, 41, 52, 64; И. Јордановски, Идеолог на револуцијата. - Вечер јуни 1971; Манол Пандевски, Националното прашање во македонското ослободително движење (1893—1903). Скопје 1974, 19—22, 28, 31, 35, 38, 54, 57, 76—77, 83, 88, 89, 95, 104, 109, 11, 117, 127, 142, 145, 202, 206, 215, 233—234, 258; Христо Андонов-Пољански, Македонија и Словенија. Скопје 1978, 145, 149, 201 296, 411; истиот, Одбрани дела. I—V. Скопје 1980—1981 (Том I, 328, 333; Том II, 85 95, 102, 111 1Ш0—1Ш2, 275, 278, 343, 353, 441; Том IV, 48—50, 60, 62—63, 67, 765—77 81—83, 86—88, 94—100, 114, 124, 134, 140, 162, 170, 177, 181, 188, 1Ш2, 194, 206, 216) 231, 2233, 262, 263—264, 294, 298, 318,—312, 328, 341; Том V. 17—21, 31—33, 36, 47, 97, 268, 342, 349, —351, 357—358, 361.

посебно внимание се студиозните огледи за Ѓорчевиот портрет како мислител и идеолог на движењето.[18] Од непомало значење се и работите посветени на Ѓорчевата борба за сочувување самостојноста на македонското ослободително дело[19] и неговиот однос кон врховизмот кон големобугарската буржоаска агресивна политика кон Македонија[20] Забележителна е и разработката на Ѓорчевата конкретна револуционерна дејност во Битолскиот револуционерен округ[21] и неговото место и значење во народноослободителната борба на македонскиот народ[22]

Главен нагласок во проучувањата на Ѓорчевата дејност е даден на неговите односи и заемна посветеност кон ослободителното дело и на неговото учество во Илинденското востание.

Во прилозите посветени на односите на Ѓорче со другите протагонисти на движењето внимание е обрнато на заемната револуционерна дејност со Петар Поп Арсов[23], Гоце Делчев[24], Даме Груев[25], Сава Михајлов[26], и Димитар Ризов[27].

---

[18]. Види: Коле Чашуле, Мислата на Ѓорче Петров. — Разгледи XI/10 (1969), 1019-1026 (Нова Македонија 27. VI. 1971,9), Мислителот Ѓорче Петров свечен собир посветен на Ѓорче Петров. Скопје, МАНУ 1971, 9—19

[19]. Види: Орде Ивановски. Борбата на Ѓорче Петров за сочување самостојноста и независноста на македонското ослободително дело, 1883—1921. — Горче Петров и Пере Тошев. Прилеu 1974, 41—55.

[20] Види: Крсте Битоски, Македонија и Кнежевството Бугарија (1893—1903), Скоје 19.77, 7, 33, 57, 77—90, 97—Ш8, 110—11, 120, 122, 127—128, 132—149, 156—157 163—164, 171—177, 196, 208, 214—216, 224, 283, 293—296, 279, 298, 301—302, 357—358, 367, 369—370.

[21] Види: Димитар Димески, Македонското нацинално-солбодително движење во Битолскиот вилает (1893—1903). Скопје 1981, 56, 111—112, 117—120, 123, 128, 132, 140, 147, 169—170, 176—183, 185—187, 197, 198, 202—203, 206, 208—209, 211—216, 229—240, 244, 268, 297, 305—306, 321, 361, 388, 399, 407—408, 426, 474, 478—480.

[22]. Види: Лазар Колишевски, Аспекти на националното прашање. Скопје 1962, 87, 97, 244, 356 (II издание: 1979, 27, 5154, 101, 141, 270, 278, 326, 333),.

[23]. Види: Петар Стојанов, Петар Поп Арсов. Скопје 1963.

[24]. Види: Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев во шест тома. 1Скопје 1972. (Том I, 12—14, 17, 22, 24, 46—ь8, 106—107, 121, 126, 129, 131, 139—142, 149—460, 164—167 170—176, 186, 202, 205, 207, 211, 217—218, 221, 225, 234—235, 20, 249—251 275, 277—278, 286—288; Том II, 46, 54—55, 57—58, 100, 106—107, 110—112, 117, 120, 139, 142, 158, 175, 1888—189, 194, 196—197, 205—206, 217, 231, 235, 238; Том III, 86, 91, 104,—105, 109—112, 118, 124, 126, 127, 136, 145, 225—226, 229+231, 233, 269, 299, 305, 319+312, 334, 349—359, 368, 373, 376, 377+378, 387, 394, 396+397; Том IV. 11—12, 130—131, 134—135, 137, 140, 153, 156—157, 159, 165—166, 169, 170—171, 201, 207—209 212, 235, 265, 267, 291, 312.

[25]. Види: Душко Константинов, Даме Груев (1871—1971). Битола 1971, 73—75 139+1 49; Истиот, Ѓорче Петров и Даме Груев. — Ѓорче Петров и Пере Тошев. Прилеп 1974, 23—32.

[26] . Види: Владо Картов, Сава Михајлов-Савата. Скопје 1977, 51, 53, 56, 56, 59+61, 65, 71, 94.

[27] . Види: Гане Тодоровсји, Прилози кон проучувањето на животот и делото на Ѓорче Петров. Г. Димитар Ризов и Ѓорче Петров. — Годишен зборник ФФ 23, (1971), 197—216; Истото: Нова Македонија јануари 1972; Трактати за сонцељубивите 239—266; Ѓорче Петр ов, 53—80.

Ѓорчевиот став по прашањето на востанието и неговото учество во Илинденското востание е исто така разработено со неколку прилози[28] Исто така со внимание е проследена неговата активност и во време на. поилинденските настани. За овој карактеристичен период од историјата на македонскиот народ подвлечена е Ѓорчевата ангажирана дејност во стабилизирање на Организацијата по востанието[29], на неговото суверено истапување на Рилскиот конгрес[30], на неговата политичка актива во време на Младотурската револуција[31], неговата заангажираност во време на Балканските војни[32], неговата улога во одбраната на каузата на Македонија по завршувањето на Првата светска империјалистичка војна[33] и непосредно пред и во време на Парискатa мировна конференција од 1919 година[34]. Посебен нагласок е определен на неговиот став кон создавањето на македонската држава[35] и неговиот однос по прашањето за односот на владата на Александар Стамболиски кон македонското прашање[36].

Впечатливо внимание кон личноста на Ѓорче Петров е обрната и во фолклористичките, книжевните, археолошките и во музиколошките написи. Тоа се осврти за застапеноста на Ѓорче во народната песна[37], на неговата книжевна заоставина[38], на литерарно гледање кон

---

[28]. Види: Глигор Тодоровски, Подготовките за Илинденското востание. Скопје 1968, 5—6, 13—14, 16—17; Димитар Димески, Националноослободителното движење во Прилепско во 1903 година. — Гласник XIV/2—3 (1970), 137, 167—176, 186—189; Истиот, Чаништа-врвен дострел на Ѓорчевата востаничка дејност. — Ѓорче Петров и Пере Тошев, 33—39; Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903. Скопје 1978, 8—10. 14, 25, 46, 80, 83, 86, 112—118, 121—122, 125, 128—130, 132—133, 137, 139—140. 143—148, 153, 156—159, 161—169, 171, 174, 177—178, 182, 187, 190, 196, 200—201, 207, 243, 289, 300, 311, 320, 325, 330, 335, 341, 391, 417—420, 435, 438, 439—440, 448,

[29]. Види: Цветан Станоевски, Само со наши сили што ќе постигнеме-ќе биде постигнато, — Нова Македонија 22. VI. 1971, 9.

[30]. Види: Ангел Динев, Илинденска епопеа. II. Скопје 1949, 324—335.

[31]. Манол Пандевски, Политичките партии и организации во Македонија (1908—1912). Скопје 1965, 108—109, 118, 123, 200—201.

[32]. Види: Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија. Скопје 1954, 85—87, 273—274.

[33]. Види: Владо Картов, Улогата на весникот „Бюлетин" во афирмацијата на македонската самостојност. — Гласник XV/2 (1971), 1285+296.

[34]. Види: Христо Андонов-Полјански, Велика Британија и македонското прашање на Парискатa мировна конференција од 1919 година. Скопје 1973, 19, 67.

[35]. Види: Манол Пандевски, Ѓорче Петров за македонското прашање и македонската држава во 1919 година. — Ѓорче Петров и Пере Тошев, 57—63.

[36] . Види: Димитар Митрев, Пиринска Македонија. — Избор. Т. 7. Скопје 1970, 150—160.

[37]. Види: Гане Тодоровски, Ѓорче Петров во нашата народна песна. — Македонски фолклор I/2 (1968), 84—89; Истиот: Ѓорче Петров, 44—52; Здравко Божиновски. Ѓорче Петров во народната песна. — Ѓорче Петров и Пере Тошев, 92—96.

[38]. Види: Филип Каваев, Заточеник. Разсказ од Ѓорче Петров. — Ѓорче Петров Пере Тошев, 97—91.

неговата революционерна дејност[39], на неговиот интерес кон старините во Скопско и Битолско[40], и на некои музиколошки карактеристики на народните песни посветени на неговиот лик[41].

3.

ЗА севкупното разгледување на биографијата и големото дело на Ѓорче Петров од осибено значење се и материјалите што се содржат во неговата заоставина и тоа: во спомените, епистоларијата и во дипломатските извештаи објавувани во Македонија.

Од големото Ѓорчево скапоцено наследство се издвојува неговата мошне значајна студија: „Материјали по проучувањето на Македонија" (1896)[42], во која тој со мошне луциден научнички осет опстојно го проследил минатото на својот народ.

Забележителен придонес кон историјата на македонското национално-ослободително движење дава со своите „Спомени" (објавени 1927)[43], Во слободната македонска татковина тие беа објавени во критично издание во 1950 година[44], и веднаш го предизвикаа вниманието на македонската историографија. Тоа даде повод да се направат осврти врз изданието[45] и огледи за студиозна анализа на нивната содржина и значење како извор за историјата на македонското национално-ослободително движење[46].

Стојносните погледи и искажувања на Ѓорче Петров за македонската революција им станаа достапни на македонските луѓе со објавувањето на Ѓорчевиот трактат за: „Македонското ослободително дело". Критичкиот приод кон ова издание придонесе поцелосно да се претстави Ѓорчевата личност и мисла[47]. Та беше поздравено како потфат од

---

39. Гане Тодоровски, Три часа во Тројаци. — Разгледи II/22 (1955).

40. Податоци на Ѓорче Петров за старините на Скопскиот и Битолскиот округ — Зборник на Археолошкиот музеј (Скопје) VI—VII (1975), 107—113.

41. Види: Георги Здравев, Музичка карактеристика на една народна песна за Ѓорче Петров. — Ѓорче Петров и Пере Тошев, 97.

42. Ѓорчо Петров, Материяли по изучването на Македония. София 1896, 734.

43. Спомени на Гьорче Петров. Съобщава Л. Милетич. София 1927.

44. Спомени на Горче Петров. Скопје. ИНИ 1950. Материјали за македонската национал-револуциона историја. Книга I, 13—165.

45. Ѓ. (орѓи) А.(бациев), Предговор. — Спомени, I—IX. Исто: Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ. II дел. Скопје, 19543, 1976; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава Том I—II. Скопје 1981.

46. Љубен Лапе, Спомените на Ѓорче Петров како извор на македонскот ослободително движење до 1904 г. — Годишен зборник ФФ 23 (1901), 179—195; Исто: Ѓорче Петров и Пере Тошев, 69—86.

47. Ѓорче Петров, Македонското ослободително дело. (Приредил: Гане Тодоровски). Скопје 1971, 227. (Гане Тодоровски, Ѓорче Петров, 5—36).

посебно значење за продлабочено проучување на македонското ослободително дело[48].

Посебен интерес предизвика објавувањето на Ѓорчевите искажувања за местото и улогата на Гоце Делчев во историјата на македонското национално-ослободително движење[49], неговиот прилог за: „Обезличена Македонија“, што придонесе да се расветли неговата авторитетна посветеност во одбраната вистината за својот народ[50]. и записите за позначајните моменти од неговиот летопис[51].

Објавувањето на делови од Ѓорчевата епистоларија придонесе кон запознавањето на низа страници од неговиот богат револуционерен живот. Тоа се пред сè неколку непознати писма[52] и телеграми[53].

Интерес привлекува и објавувањето на документи поврзани со Ѓорчевата дејност. Тоа се документи за неговата дејност во 1904 година[54]- и на неговиот удел во донесувањето на Проектправилниците на Внатрешната организација[55].

Ѓорчевата револуционерна дејност и посветеност кон македонското ослободително дело го привлекла вниманието на дипломатијата. Иако сè уште, сè не е истражено забележлив е напорот со објавувањето на дипломатските материјали за македонското национално-ослободително движење да се објавуват и за неговите протагонисти. Во нив со внимание се следи Ѓорчевата активност. Тоа се документи од Задграничното претставништво за неговото учество во Илинденското востание[55],

---

48. Види: Орде Ивановски, Ѓорче Петров, Македонското ослободително дело Скопје 1971. — Гласник XV/3 (1971), 308 — 309; Л., Ѓорче Петров, Македонското ослободително дело. Скопје 1971. — Историја VII/2 (1971), 258+263; Христо Андонов-Полјански, Македонското национално-ослободително движење. — Одбрани дела. Т. IV. Скопје 1980 (Гане Тодоровски, „Македонското ослободително дело“ од Ѓорче Петров“. Скопје 1971 , 319—321).

49. Кон искажувањата на Ѓорче Петров за Гоце Делчев. (Текстот го одбарала, обработила и превела за печат В. Чашуле. — Разгледи IV/5(1962), 445—4463; Гоце Делчев во спомените на современиците. (Редакција: Христо Андонов-Полјански). Скопје 1972, 305—323.

50. Ѓорче Петров, Обезличена Македонија. (Соопштува: Манол Пандевски) — Гласник XV/2(1971), 277—284.

51. Здравко Тројачанец, Цртичка од животот на Ѓорче Петров. — Нова Македонија 8. VIII. 1971, 10.

52. Љубен Лапе, Две непознати писма на Ѓорче Петров. — Разгледи IV/22 (1957).

53. Љубен Лапе, Непознати писма и телеграми на Ѓорче Петров. — Гласник XV/2(1971), 247—273; Истиот, Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев. — Ѓорче Петров и Пере Тошев, 139+143.

54. Љубен Лапе. Два документа од 1904 година со податоци за Ѓорче Петров. — Историја VII/2 (1971), 185—191.

55. Љубен Лапе, Проект-правилиниците донесени на Прилепскиот конгрес 1904 година и дополнителните забелешки на Ѓорче Петров. — Гласник XVII/1 (1973), 201—243.

56. Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание. — Илинденски зборник 1903—1953. Скопје 1953, 67.

италијански извештај за неговата дејност во 1904 година[57], и австриски документи за следењето на неговата дејност пред и по Илинден[58].

4.

ВИДНО ВНИМАНИЕ македонската историографија обрна и врз проблемот за убиството на Ѓорче Петров.

Во првите години по ослободувањето, во склопот на претставувањето на Ѓорчевата биографија, само воопштено се означи чинот на неговото убиство[59]. Дури во 1951 година Ангел Динев направи обид за подетално претставување на проблемот на Ѓорчевото убиство. Тука се детализирани причините, текот на самото убиство и неговите последици, разработени на соодветно ниво[60]. Извесно расветлување, во овој смисол, направи во своите „Спомени" од 1954 година Алексо Мартулков[61]. Најопстојно на овој проблем се задржа Гане Тодоровски, како во своите биографии на Ѓорче[62], така и во специјалните расправи по повод на Ѓорчевото загинување. Првиот опстоен трактат беше објавен во 1971,[63] со надополнување во 1974[64] и со конечно вообликување во 1981 година[65]. Во нив направен е научно добро поставен опит да се решат сите аспекти околу убиството на великанот на македонското ослободително движење.

Нова разработка на проблемот за убиството на Ѓорче направи Љубен Лапе и тоа во два наврата: 1971 и 1981 година[66]. Потоа, беа објавени понови согледувања врз севкупноста на проблемот на убиството[67] на различните датуми околу самото загинување на Ѓорче Петров[68]

---

[57]. Стјепан Антољак, Miscellanea croatica et macedonica. — Годишен зборник ФФ 14 (1962), 97—100.

[58]. Извештаи од 1903—1904 година на австриските преставници во Македонија (Редакција: Данчо Зографски). Скопје 1955, 46, 137, 170, 208, 232, 234; Австриски документи за историјата на македонскиот народ, 1905—1906. (Редакција: Данчо Зографски). Скопје 1977, 100.

[59]. Види: Д. Влахов, Ликови, 32; Истиот, Из историје, 150; Истиот, Македонија, 178; Д. Митрев, Пиринска Македонија, 186, Види натаму: Историја на македонскиот народ. Т. 2, 191.

[60]. Ангел Динев, Политичките убиства во Бугарија. Скопје 1951, 95—98.

[61]. А. Мартулков, Моето учество, 349—350.

[62]. Гане Тодоровски, Ѓорче Петров, 29—32; Истиот, Ѓорче Петров (Прилози за животот и делото), 34—36, 37, 42—43.

[63]. Гане Тодоровски, Убиството на Ѓорче Петров. — Стремеж XVI/S (1971), 3—16.

[64]. Гане Тодоровски, Трактати за сонцељубивите, 301—328.

[65]. Гане Тодоровски, Ѓорче Петров (Прилози за животот и делото, 98—112.

[66]. Љубен Лапе, Животот и делото на Ѓорче Петров, 49—50; Истиот, Животот и делото на Ѓорче Петров. — Ѓорче Петров и Пере Тошев, 11.

[67]. Анте Поповски, „Славно нешто е бојот. „(Кон педесетгодишнината од убиството на Ѓорче Петров). — Нова Македонија 27. VI. 1971.

[68]. Богомил Д. Константинов, За датумот на загинувањето на Ѓорче Петров. — Ѓорче Петров и Пере Тошев, 65—66.

на времето и атмосферата околу неговото загинување за што солиден третман изложија Димитар Митрев[69] и Иван Катарџиев[70]. Самиот чин на убиството најде простор и во публицистичкото претставување од В. Андоновски[71].

Убиството на Ѓорче Петров имаше силен одглас во Македонија. Тој гнасен чин народниот певец го вообликувал во народната песна, истакнувајќи го во истовреме и Ѓорчевиот придонес кон ослободителното дело. Соопштувајќи за овој народен гест Здравко Божиновски во напис посветен на овој повод, го нагласува обидот на народниот певец реално да го следи убиството на Ѓорче Петров[72].

Хероиката на Ѓорчевата револуционерна посветеност кон македонската слобода и чинот на неговото убиство најдоа достоинствено место и во ризницата на македонсуата драма. Нејзин носител беше писателот Коле Чашуле, кој со својата драма „Црнила", која прерасна во драмски циклус, даде класично впечатлива слика за чинот на тоа убиство. Изведена за првпат во 1961 година од Македонскиот народен театар во Скопје, таа натаму продолжи да се изведува и во другите театри во земјата и со нејзиното издавање, почнувајќи од 1962 година во неколку изданија[73], се здоби со афирмативно реноме на драматичното македонско чекорење кон пиедесталот на слободата.

5.

ПРОБЛЕМОТ за убиството на Ѓорче Петров и покрај изнесените вредносни проучувања, крие во себе сè уште многу енигми. Повеќе конспиративни компоненти се вплеткани во тој таинствен превез како што впрочем тоа е случај и со загинувањето на другите двигатели во македонското национално-ослободително движење.

Тајната загатка, секако, се крие во дипломатските архиви. Но, поовеќето од нив сè уште не се достапни за јавноста и конретно за истражувачот на Ѓорчевото дело. Се прават обиди да се проникне поавтентично во расветлувањето на проблемот на Ѓорчевото убиство.

Со цел да дадеме скромен прилог кон расветлувањето на Ѓорчевото убиство се потрудивме, користејќи го отворањето на фондовите

69. Димитар Митрев, Пиринска Македонија (Избор, т. 7), 150—160.

70. Иван Катарџиев, Време на зреење. Том I. Сјкопе 1977, 158—161.

71. В. Андоновски, Подготовки зад грбот на Владата; смртоносен истрел во грбот на револуционерот; да се убие и убиецот. — Нова Македонија 27,28, 28, VI. 1981, 8, 8, 8.

72. Здравко Божиновски, Ѓорче Петров во народната песна, 94—95.

73. Коле Чашуле, Триологија. Скопје 1980 (-Црнила, 239—350; Атанас Вангелов, Циклусот Црнила, 351—370; Александар К. Нејман, Био-библиографска граѓа за Коле Чашуле, 3571—380; Александар Ежов, Коле Чашуле, „Црнила". — Современост XI/2(1961), 178—193; Матеја Матевски, Коле Чашуле „Црнила". — Млад борец 16. II. 19561, 2; Јордан Плевнеш, Црнила врз лицето на земјата. — Студентски збор 5. IV. 1977, 12.

во британските архиви, да обрнеме внимание за односот на британскаа дипломатија кон делото на Ѓорче Петров и специјално кон проблемот на неговото убиство.

Убиството на Ѓорче Петров имало и дипломатска димензија. Таа се одразила врз заинтересираноста на дипломатите да го констатираат тоа убиство и воедно да ја определат величината на Ѓорчевата личност и неговото место во македонското национално-ослободително движење. Ваква заинтересираност наоѓаме во кореспонденцијата на британското пратеништво во Софија. Тоа го констатираме од извештајот на раководителот на тоа пратеништво Сер А. Пил (Sir A. Peel) до маркизот Курзон од Кедлестон (Marquess Curzon of Kedleston), тогашен британски секретар за надворешни работи, од 6 јули 1921 година. Извештајот бил примен во Лондон на 11 јули истата година[74].

Од датумот на испраќањето и примањето на извештајот произлегува, ако се спореди со денот на убиството (28 јуни), релативно брзото известување за загинувањето на Ѓорче Петров. Но, сепак проличува од друга страна, умешноста да се добере Претставништвото до повеќе податоци и потоа да го извести Форин офис за случајот.

Уште во почетокот на извештајот се нагласува сеопштата шокираност со веста за убиството на Ѓорче Петров и се изнесуваат притоа познатите податоци околу тогашната заангажираност на Ѓорче Петров како претседател на Комисијата за давање помош на македонските бегалци[75]. Потоа, се изнесуваат подробности околу извршувањето на самиот чин на убиството. Убиството се карактеризира како „злосторство од политичка природа"[76].

За да се определи поодредено личноста на Ѓорче Петров најпрвин, тој се означува како — „Македонец" (-Macedonian)[77], а потоа се изнесуваат повеќе подробности од неговата биографија, со акцентирање на неговата револуционерна дејност пред и по Илинден[78]. Придружено кон тоа се дава известување за македонското движење со забележување на разделбата по групации и струи. За Ѓорче се истакнува дека припаѓал на умерена група и како „човек на Стамболиски"[79], кое претставувал опасност за противниците на самостојното македонско дело и за тоа решиле да го ликвидираат. Натаму се изнесуваат податоци околу чекорите на земјоделската влада на А. Стамбоиски за средување на ситуацијата и за нејзините односи со владата на Југославија, посебно со покренување на планот за федерација на јужнословенските народи[80].

---

[74]. Public Record Offtce (PRO). — FO 371/5800. Political. Central. Bulgaria. 1921 (C 14.173).

[75]. Ibtdem.

[76]. Ibtd.

[77]. Ibid.

[78]. Ibid.

[79]. Ibid.

[80]. Ibtd.

Извештајот од британското пратеништво во Софија е придружен со интересно резиме од Форин офис. Во него се нагласува убиството на Ѓорче Петров и ставот на А. Стамболиски за федерација со Југославија[81].

Овој британски дипломатски извештај за убиството на Ѓорче Петров е значаен од неколку страни:

1. Самото навесутвање за убиството на Ѓорче говори за верзираноста на Пратеништвото за протагоностите на македонското движење;

2. Самиот начин на извесутвањето до највисоките британски фактори сведочи за очевидната британска заинтересираност за македонското ослободително движење, чиишто основи беа поставени уште дво XIX век;

3. Изнесените податоци, споредени со останатиот изворен друг материјал, потврдуваат повеќе факти околу начинот на убиството на Ѓорче Петров;

4. Покрај известувањето за убиството на Ѓорче Петров во извештајот се изнесуваат и податоци за односот на А. Стамболиски кон прашањето на јужнословенската федерација;

5. Оваа заинтересираност на британските фактори придонесла за уште поголемо запознавање со проблемите на Македонија.

*

* *

ВО прилог на овој оглед го донесуваме оригиналниот текст на извештајот за убиството на Ѓорче Петров и во превод на македонски јазик[82].

[81]. Ibid.

[82]. Во уточнувањето на преводот ми помогна Д. Михајловски, за што му се заблагодарувам.

ПРИЛОГ А. Оригиналниот текст на извештајот

No. 246.

British Legation,
Sofia.
July 6th 1921.

My Lord,

During the interval which has elapsed since I recorded what passed at the interview which took place between the Prime Minister and myself, society has been shocked by the news of the assassination of a well known member of the Macedonian Committee, Monsieur Guiortche Petroff, who has been acting as President of the Commission directed by the Ministry of Interior for giving assistance to the Macedonian refugees, as well as startled by the fact that, although the murder was committed while it was still daylight, the assassin has succeeded in effecting his escape. Thus another case is added to the list of crimes of a political nature, including the murder of Monsieur Takeff, a prominent politician, Monsieur Malchanoff, a deputy, the explosion of a bomb at the Odeon Theatre occasioning great loss of life, and quite recently a similar outrage, referred to in my despatch No. 223 of the 16th June, of which the authors have in every instance successfully eluded discovery.

Monsieur Petroff was a Macedonian and at one time an inspector of schools in the province of Salonica; subsequently he associated himself with organisations for promoting insurrections in Macedonia and became a member of the Central Committee of these revolutionary societies

and...

The Rt. Hon Marquess Curzon of Kedleston, K.G.
etc, etc. etc.

- 2 -

and frequently took a leading part in the activities of the movement. When the Balkan War broke out he joined the army and served with considerable distinction, but after the armistice he resumed the life of a civilian and devoted his attention to looking after the interests of his fellow countrymen in Bulgaria.

Your Lordship is aware from the report which I furnished in my despatch No. 228 of the 22nd June that the Macedonian Committee is divided into two sections, the one being in favour of direct action while the other would prefer a policy of wait and see, and it was to this section that Monsieur Petroff belonged and, owing to the views he expressed, he had the reputation of being a Stamboulisky man. It is said that he has for some time been regarded with such grave suspicion by the members of the extreme faction that, at one of thir secret meetings, it was resolved to put him out of the way, and it is even darkly rumoured that the turn of Monsieur Stamboulisky is to come next.

Paper B.

The Cabinet has approved of the new measures which are to be put into force with the object of suppressing the bands of comitadjis. The provisions are not quite as drastic as Monsieur Stamboulisky had informed me that they would be, but according to the terms of the bill which is now laid before the Sobranje any person found guilty of participating in the formation of bands or taking part in their excursions across the frontier becomes subject to a penalty of 15 years imprisonment.

This.....

- 3 -

This action on the part of the government is a consequence of the interview between Monsieur Dimitroff and Monsieur Pasic, and it may be regarded as a proof of their assertion that they have never countenanced or encouraged the comitadji movements, as well as an indication of their earnest desire to enter into close relations with Jugo Slavia; consequently it is not perhaps surprising that, concurrently with all these declarations, so much effort is being made in the press to impress the public mind with the advantages which would lie in the grand scheme of a federation of the Southern Slav races, and itis even asserted that some allusion to this subject was made in the course of the interview at Belgrade. We are told that both Monsieur Pasic and Monsieur Dimitroff were agreed that it was the only solution for permanent peace as it would mean that Macedonia would enter the Federation as an autonomous State, and thus this bone of contention would be happily removed, but that, as some time must elapse before such a scheme can materialise, it must first be preceded by joint assent in the formula of the port of Dedeagatch for Bulgaria and Salonica for Jugo Slavia.

Monsieur Stamboulisky has evidently got it into his head that the decisions reached at Your Lordship's conference with Monsieur Briand signify that we are on the eve of great changes which will not only affect ~~Bulgaria~~ Smyrna but also Thrace because my Serbian colleague tells me that Monsieur Stamboulisky paid him a

visit....

- 4 -

visit and declared in animated tones that if the question of Thrace were settled in accordance with the national aspirations of the Bulgarian Nation, he would immediately start an agitation throughout the country in favour of Federation with Jugo Slavia. He spoke much about the identity of the interests of both countries in securing an outlet to the Aegean Sea, and as he seems to be of the belief that great events can be precipitated by intrigues, it is clear that the present subject of his thoughts is a plan for combined action to secure the occupation of the ports of Dedeagatch and Salonica by Bulgarian and Serbian troops.

Monsieur Rakitch told me that he did not share Monsieur Stamboulisky's animation in regard to the scheme of the Federation of the Southern Slav races and that, although it might be a reasonable fancy, it was at all events at present greatly in advance of public opinion in his own country. Moreover, it appeared to me very clear from his comments on Monsieur Stamboulisky's proposals that he only regarded the Prime Minister's plan of campaign as an eccentric adventure.

I have the honour to be,

with the highest respect,

My Lord,

Your Lordship's most obedient

humble servant

P.S. Copies of this despatch have been sent to his Majesty's Representatives at Constantinople and Belgrade.

/PRO.-FO 371/5800.Political.central. Bulgaria.1921(C 14.173)/

ПРИЛОГ Б. Превод на извештајот на македонски јазик

Бр. 246

Британско пратеништво
Софија
6 јули 1921 г.

До Маркизот Курзон од Кедлестон,
итн. итн. итн.

Мој лорде,

Откако известив за разговорот што го имав со Претседателот на владата[83], јавноста беше шокирана со веста за убиството на многу познатиот член на Македонскиот комитет господин Ѓорче Петров, којшто делуваше како претседател на Комисијата раководена од Министерството за внатрешни работи за давање помош на македонските бегалци. Изненадува фактот дека иако убиството беше извршено додека беше ден, убиецот успеа да избега. Ова е друг случај кој се додава на листата на злосторствата од политичка природа, вклучувајќи го убиството на господин Такев, познат политичар[84], на господин Малчанов, пратеник[85], од експлозијата на бомба во театарот „Одеон"[86], кој предизвика многу жртви. Во последно време за слично злосторство известив во мојот извештај бр. 223 од 16 јуни, на кој авторите во секој поглед успешно одбегнаа да бидат откриени.

Господин Петров[87] беше Македонец и извесно време беше инспектор на училиштата во солунската област; потоа тој се посвети во организирањето на востанија во Македонија и стана член на Централниот комитет на овие революционерни друштва и често заземаше водечки удел во активностите на движењето. Кога избувна Балканската војна тој се придружи кон војската и особено се истакна, но по примирјето го продолжи животот како граѓанин и се посвети за интересите на своите сонародници во Бугарија[88].

Вашето лордство е запознаено од известувањето во мојот извештај бр. 228 од 22 јуни дека македонскиот комитет е разделен на две групи. Едната се залага за директна акција, додека, другата ја претполага политиката на чекање и надгледување. На оваа група и припаѓаше господин Петров и поради погледите што ги изразуваше, го биеше глас дека е човек на Стамболиски[89]. Се смета дека за извесно време него го

[83]. Се однесува до: Александар Стамболиски (1879—1923), бугарски политичар и државник.

[84]. Се однесува на: Михаил Такев (1864+1920), бугарски буржоаски политичар.

[85]. Малчанов, пратеник во бугарското Народно собрание, 1920/1921 г.

[86]. Театар во Софија.

[87]. Односно: Ѓорче Петров.

[88]. Види: А. Мартулков, Моето учество, 273—274.

[89]. Односно: Александар Стамболиски. За неговата дејност види: А. Стамболийски, Принципите на Българския земеделски народен съюз. София 1919; Сборник „Александар Стамболийски, 1923—1948". София 1948; Коста Тодоров, Стамболиски Београд 1937, 103—122; История на България. Том. III. София, БАН 1964, 48—82. За односот на А. Стамболиски кон македонското прашање види: Димитар Митрев, Владата на Стамболиски и македонското прашање. — Нова Македонија 14. VI, 19 11; Истиот, Пиринска Македонија. — Избор. Т. 7. 150—160.

посматрале со тешко сомневање членовите на екстремната група, што на еден од нивните тајни состаноци, се решило да го отстранат и се слушат мрачни гласови дека следниот на ред е господин Стамболиски[90].

Кабинетот одобри нови мерки кои ќе влезат во сила со цел да се задушат четите на комитетлиите. Одлуките не се така драстични како што господин Стамболиски ме информираше дека ќе бидат, но согласно на законот што сега се наоѓа пред Собранието, секое лице што ќе се најде виновно да учествува во формирањето на чети или да земе учество во нивните обиколки околу границата, ќе се осуди на казна од 15 години затвор.

Оваа акција на владата е последица од разговорот помеѓу господин Димитров[91] и господин Пашиќ[92] и таа може да се разгледува како доказ на нивното тврдење дека тие нема да поткрепуваат или поттикнуваат комитетско движење, како и за најавувањето на нивната сериозна желба да влезат во блиски односи со Југославија; следователно, сето тоа нè изненадува, дека едновремено со сите овие изјави, во печатот се направи голем напор да се импресионира јавното мислење за искористување на предностите што ги дава големиот план за федерација на јужнословенските народи[93] и тоа е дури потврдено дека извесно навестување по овој предмет беше направено во врска со разговорот во Белград. Ни беше речено дека обајцата; господин Пашиќ и господин Димитров се согласиле дека таа е единствена солуција за постојан мир бидејќи ќе значи дека Македонија ќе влезе во федерацијата како една автономна држава и ова јаболко на раздорот ќе биде среќно отстрането, но извесно време треба да помине пред овој план да може да се оствари, на тоа треба најпрвин да претходи здружена согласност во клаузулата — пристаништето Деде Агач да ѝ падне на Бугарија и Солун на Југославија.

Господин Стамболиски очигледно разбрал дека одлуките донесени за време на разговорите на Вашето лордство со господин Бриан[94] означуваат дека ние сме спроти големи промени кои не само што ќе се однесуваат на Смирна'[95], но исто така и на Тракија, бидејќи мојот српски колега[96] ми рече оти господин Стамболиски му направил посета и во одушевено изјави дека ако прашањето на Тракија се регулира во согласност со националните аспирации на бугарскиот народ, тој веднаш ќе започне агитација низ земјата во полза на федерација со Југославија. Тој говорел многу околу идентичноста на интересите на обете земји во обезбедување излезот кон Егејско Море и бидејќи изгледа е убеден оти големите настани можат да се срушат од интригите. Јасно е дека

---

[90]. Види: А. Динев, Политичките убиства, 95—96; Г. Тодоровски, Ѓорче Петров 29—32.

[91]. Александар Димитров (1878—1921), соработник на А. Стамболиски.

[92]. Никола Пашиќ (18645—1926), српски буржоаски политичар и државник

[93]. Види забелешка под бр. 89.

[94]. Аристид Бриан (1862—1932), француски буржоаски политичар.

[95]. Во оригиналниот текст избришано: Bulgaria и додадено: Smyrna. (PRO. — FO 371/5800).

[96]. Се однесува на дипломатскиот претставник на Југославија во Бугарија.

сегашниов предмет на неговите мисли се состои во планот за комбинирана акција за да се заштити окупацијата на пристаништата на Деда Агач и на Солун од бугарски и српски војски.

Господин Ракиќ[97] ми рече дека тој не го дели воодушевувањето на господин Стамболиски во поглед на планот за федерација на јужнословенските народи и дека, можеби може да биде разумна илузијата, за што сега многу се говори во сите средини, особено во јавното ми слење на неговата земја. Освен тоа, станува јасно од неговите коментари за предлозите на господин Стамболиски, дека тие само го посматраат планот на Претседателот на владата за кампањата како една ексцентрична авантура.

Јас имам чест да бидам,
итн. итн. итн.
Артур (?) Пил.

P. S. Копии на овој извештај се испратени на претставниците на Неговото Величество во Цариград и Белград.

/PRO.—FO 371/5800. Political.Central. Bulgaria. 1921 (C 14.173)/.

Hristo Andonov — Poljanski

## GUIORTCHE PETROFF AND THE PROBLEM OF HIS ASSASSINATION

(S u m m a r y)

In this article the author makes analysis on the report of the British representative in Sophia, A. Peel, from Jyly 6, 1921, sent to his superior Marquess Curzon of Kedleston. The report is about the problem of the assassination of Guiortche Petroff, a well-known leader of the Macedonian national movement for liberation, carried out on June 28, 1921. His assassination was paid considerable attention in the diplomatic circles which is approved by this report. There are very interesting data in it, which illuminate the disgusting assassination, its causes and consequences.

In the introduction, the author writes about the contributions on G. Petroff's life and work in Macedonian historiography, with a special accent on the question of his assassination. He particularly works out the analysis of the report and, at the same time, publishes it both in its English original version and in Macedonian translation.

---

97. Милан Ракиќ, амбасадор на Југославија во Бугарија.